# ПОПОВСКИ

# Јовица Поповски Слики

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО
7 — 23 септември 1979 год.

Судејќи според сето она што Јовица Поповски досега го прикажа во своите скоро четириесетина групни и самостојни изложби, мора да се признае дека Куманово ја продолжува традицијата на давање сликари кои се наредуваат во плејадата на нови надежни имиња во македонското сликарство.

Од најновата самостојна изложба годинава, од која не дели точно едно десетлетие од првото излагање на Ј. Поповски на групната изложба „Младите во науката, културата и уметноста" во Скопје и Битола, и пет години од првата самостојна изложба во Куманово, е период кој во онаа најнужна скала карактеристична за секоја творечка индивидуа, исполнет со постојани растежни нагорнини димензионирани во речиси триста експонати, колку што овој млад сликар ѝ ги понуди на нашата поширока јавност.

Годинашнава, петта по ред, самостојна изложба на Ј. Поповски, во која тој пред ликовниот аудиториум нуди околу дваесетина експонати во масло техника, иако претставува извесен континуитет во неговото досегашно творештво, сепак и со самиот израз, темите, композицијата и колоритот, а пред сè со својата посебна сликарска творечка индивидуа, претставува една нова творба, која нуди мошне висок квалитет, невообичаен за нашите сегашни ликовни мигови, карактеристичен со впечатливи творечки осцилации.

Изложените експонати, според сопствените тематски и конструктивни елементи, нијансирани со познатиот и карактеристичен колорит на Ј. Поповски, можат да се поделат на три дела. Во првата поголема група влегуваат мошне впечатливите и монументалните експонати, како на пример, композициите „Пакет", „Во просторот" и други, втората група експонати ја карактеризираат мртвите природи, а третата пејсажите. Меѓутоа, релативноста на положбата на поединечноста на овие групи, во однос на некаква посебност и издвојување, претставува еден објективен корелат на една карактеристична посебност.

Од друга страна, во сликарската визуализација на оној посебен свет што Ј. Поповски го нуди, особено тоа е карактеристично за експонатите од првата група, фигурите во сосема достапниот и единствен простор, иако не во сите околности, имаат одредено дејствие, се разбира само како изразно средство, кое во волуменот на одредените димензии подразбира сопствени макрокосмички пространства, сместени во авторовиот микроинтимен свет.

Може да се рече дека тоа е впечаток на прв поглед, иако е сосема евидентно дека се тоа всушност само алтернативни космички пространства, трансформирани во човековата повторлива секојдневност во предметите што го опкружуваат и предизвикуваат творечки немир.

И токму тука доаѓа до една обратна ситуација, толку невозможна, но сепак неминовна. Огромниот макрокосмос, всушност како да е подреден, собран во човековите микропространства („Во просторот").

Ова е главно карактеристика за експонатите од првата група. Во групата експонати од мртви природи и пејсажите, иако е присутно продолжување на стилските особености во однос на композицијата, односно фигуративниот израз, тие сепак означуваат една посебност, карактеристична за сликарскиот сензибилитет на Ј. Поповски. Тоа е еден интимен свет, доста загадочен, налик на оние простори што треба да се измислат, а сепак да се реални.

На крајот, изложените експонати укажуваат дека Ј. Поповски е име во сликарството кај нас, кое уште ветува и уште повеќе ќе изненадува.

Томислав СПАСОВСКИ



ЈОВИЦА ПОПОВСКИ

Роден 1948 година во Куманово. Училиште за применета уметност — сликарски отсек завршил 1970 година во Скопје.

Адреса:
„Драган Стопаревиќ" 2/VI
Куманово

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1969/70 година, Скопје и Битола („Младите во науката, културата и уметноста").
1973 година, Куманово (ДЛУК).
1974 година, Куманово и Скопје (Збратимени уметници), и во Лесковац и Белград (Сликарска колонија „Копашница 74").
1975 година, Куманово (ДЛУК) и во Врање, Штип, Струмица, Куманово и Скопје (Сликарска колонија „Прохор Пчински 75").
1976 година, Куманово, Штип, Струмица и Битола (ДЛУК), во Лесковац и Белград (Сликарска колонија „Копашница 76") и во Вараждин („I-ви салон младих").
1977 година Светозарево, Вараждин и Куманово (ДЛУК), Панчево и Суботица (Сликарска колонија „Делиблатски песак 77").
1978 година, Панчево (Сликарска колонија „Делиблатски песак 78), Куманово и Врање (Сликарска колонија „Прохор Пчински 78"), Крушевац (Сликарска колонија „Дворане 78"), Скопје (Млади уметници од Македонија), Куманово (Уметници од Куманово), Куманово (ДЛУК).
1979 година, Панчево (Сликарска колонија „Делиблатски песак 79") и Ликовна колонија „Струмица 79".

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1974 година, Куманово (Уметничка галерија).
1975 година, Куманово (Народен театар).
1976 година Лесковац (Со Слободан Поповиќ — Културни центар).
1977 година, Куманово (Народен театар).

## НАГРАДИ:

1969 година, Скопје (Награда за слика — „Младите во науката, културата и уметноста").
1974 година, Куманово (Награда за слика — годишна изложба на ДЛУК).
1977 година, Куманово (Награда за слика — годишна изложба на ДЛУК).



„РОЗЕТА“



„ПРЕОКУПАЦИЈА“

## К А Т А Л О Г

| | | |
|---|---|---|
| 1. „ПРОСТОР I“ | масло на платно | 115 × 140 см. |
| 2. „ПРОСТОР II“ | „ „ „ | 200 × 150 см. |
| 3. „РОЗЕТА“ | „ „ „ | 110 × 108 см. |
| 4. „ЦРН ШЕШИР“ | „ „ „ | 115 × 75 см. |
| 5. „ПАКЕТ“ | „ „ „ | 180 × 150 см. |
| 6. „ПРЕОКУПАЦИЈА I“ | „ „ „ | 90 × 80 см. |
| 7. „ПРЕОКУПАЦИЈА II“ | „ „ „ | 110 × 100 см. |
| 8. „РИД I“ | „ „ „ | 50 × 40 см. |
| 9. „РИД II“ | „ „ „ | 50 × 40 см. |
| 10. „ПЕЈЗАЖ“ | „ „ „ | 91 × 91 см. |
| 11. „ПЕЈЗАЖ“ | „ „ „ | 120 × 105 см. |
| 12. „КОМПОЗИЦИЈА“ | „ „ „ | 110 × 76 см. |
| 13. „КОМПОЗИЦИЈА“ | „ „ „ | 104 × 51 см. |
| 14. „МРТВА ПРИРОДА“ | „ „ „ | 85 × 50 см. |
| 15. „МРТВА ПРИРОДА“ | „ „ „ | 40 × 54 см. |
| 16. „СЛИКА I“ | „ „ „ | 140 × 100 см. |
| 17. „СЛИКА II“ | „ „ „ | 103 × 71 см. |

ИЗДАВАЧ:

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО

Тираж 300 примероци

Печат: „Просвета“ Куманово